Наслов **Informacii od javen karakter**

Од [redacted]

Примач <info@osprilep.mk>

Копирај [redacted]

Датум 09.09.2024 22:51

- Prasanja za sudovi.docx (~20 КБ)
- Образец-на-Барање.pdf (~117 КБ)

Почитувани,

[redacted] спроведува регионална студија во која ја анализира законската рамка за спречување на дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност на лицето, како и досегашните процесуирани случаи и начините на постапување на релевантните државни институции.

Во таа насока Ви доставувам Барање за информации од јавен карактер и би Ве замолила за информации по наведените точки содржани во документот во прилог на барањето. Ве молам информациите ми бидат доставен електронски, на оваа е-маил адреса.

Ви благодарам.

[redacted]

*Размислувај зелено! Испечати ја оваа порака само доколку е неопходно.*

*Think green! Print out this message only if necessary*

( Образец ПП……)

**До: Основен суд – Прилеп**
**(имател на информацијата)**

## Б А Р А Њ Е
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

[redacted]:
[redacted] податоци за барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ______________________
_______________________________________________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Информации за случаи на дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност на лицето регистрирани во периодот од 01.01.2022 до 09.09.2024 година во судската статистика (Ве молам погледнете го документот во прилог на ова барање).
(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис** [redacted]

**Во Битола, 10.09.2024 година .** ______________________
(докол[redacted]ува во хартиена форма)

**Почитувани,**

[redacted]
**спроведува регионална студија во која ја анализира законската рамка за спречување на дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност на лицето, како и досегашните процесуирани случаи и начините на постапување на релевантните државни институции.**

**Во таа насока би Ве замолиле за информација по наведените точки во продолжение на ова барање.**

**Ви благодариме.**

## Прашања за судови (кривични предмети)

Информации за случаи на дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност на лицето регистрирани во периодот од 01.01.2022 до 09.09.2024 година во судската статистика

- Број на пресудени случаи поврзани со дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност на лицето за периодот од 01.01.2022 до 09.09.2024 година; 2
- Пол и возраст на жртвите; 2Ж - нема инф.
- Пол и возраст на сторителите; 1Ж 2М - 54 31
- Средства преку кои се проширени интимните фотографии и видеа и бројот на случаи за секој од средствата: социјални медиуми, апликации за приватни пораки, интернет страници за порнографија, други средства;
- Број на случаи каде немало претходна врска/познавање меѓу сторителот и жртвата; 1
- Број на случаи каде имало претходна врска/познавање меѓу сторителот и жртвата; 2
- Во однос на врската меѓу жртвата и сторителот, Ве молиме за информација за типот на врска (посочете го бројот на случаи поединечно за секој тип врска): поранешна интимна врска, моментална интимна врска, поранешна брачна заедница, моментална брачна заедница, историја на состаноци (излегување), живеење во исто соседство, други врски; - поранешни вонбрачни другарки
- Познати мотиви за пријавените случаи; - непоз., [illegible]
- Законска основа за донесување пресуда во случаите (посочете го членов од КЗ на РСМ и бројот на случаи за секој член): Дистрибуција на интимни

фотографии и видеа без согласност; Нарушување на приватноста на кореспонденцијата и на компјутерските бази на податоци, Недозволено фотографирање и снимање, Вознемирување, Демнење, Дистрибуција на порнографија, Семејно насилство, Уцена, Полово вознемирување, Принуда, Екстorција, Сексторција, итн.

- Вид на изречена санкција од судот за секој случај;
- Отежнувачки или олеснителни околности за сторителите (на пример, сторителот бил бил вклучен во повеќе случаи);
- Вид на компензација пресудена во секој случај.
- Број на отфрлени случаи за дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност за периодот 01.01.2022 до 09.09.2024 година;
- Причини за отфрлање на случаи за дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност.

**<u>Прашања за судови (граѓански предмети)</u>**

Информации за случаи на дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност на лицето регистрирани во периодот 01.01.2022 до 09.09.2024 во судската статистика;

- Број на пресудени случаи поврзани со компензација на штета како резултат на дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност за периодот 01.01.2022 до 09.09.2024 година;
- Законска основа во пресудените случаи (посочете го членот од КЗ на РСМ и бројот на случаи за секој член);
- Вид на побарувана штета, вклучувајќи материјална или нематеријална штета (физичко здравје, психичко здравје, углед, финансиска штета, итн.);
- Вид на штета утврдена од страна на судот во секој случај поединечно, вклучувајќи материјална и нематеријална штета (физичко здравје, психичко здравје, углед, финансиска штета, итн.);
- Вид на компензација пресудена во секој случај.
- Број на отфрлени случаи за дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност за периодот 01.01.2022 до 09.09.2024 година;
- Причини за отфрлање на случаи за дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП
СПИ.бр.15/2024
11.09.2024

Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер при Основниот суд во Прилеп [redacted]-самостоен судски советник, постапувајќи по барањето на [redacted] за потребите на [redacted], за пристап на информации од јавен карактер од 09.09.2024год., согласно чл.20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, на ден 11.09.2024год. го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УСВОЈУВА барањето за слободен пристап на информации од јавен карактер од 11.09.2024год. на [redacted] за потребите на [redacted].

По однос на прашањата за **кривични** предмети, Ве известуваме за:

1.Во Основниот суд во Прилеп во периодот од 01.01.2022год. до 09.09.2024год. вкупниот број на пресудени случаи поврзани со дистрибуција на интимни фотографии и видеа е **два**.

2.Пол и возраст на жртвите: **2 жени.**

3.Пол и возраст на сторителите **1 жена(нема информација за возраст) и 2 мажи( едниот на возраст од 54год., а другиот 31год.).**

4. Интимните фотографии и видеа се проширени преку **социјалните медиуми.**

5. **Во еден случај** немало претходна врска/познавање меѓу строителот и жртвата.

6.**Во два случаи** имало претходна врска/познавање меѓу строителот и жртвата.

7.По однос на врската меѓу жртвата и сторителот, Ве известуваме дека станува збор за **поранешни вонрачни другари** и **2 другарки од женски пол.**

8. Во **едниот** случај не се познати мотивите, а во **другиот случај е стекнување на имотна корист.**

9.По однос на видот на изречена санкција од судот, Ве известуваме дека на **еден сторител му е изречена парична казна, на друг сторител судска опомена и на третиот сторител казна затвор.**

10.Отежнувачки и олеснителни околности кои биле ценети од судот за сторителите: **двајца од сторителите се неосудувани, а еден е осодуван, непознато дали за истото кривично дело**.

11. По однос на бројот на отфрлени случаи за дистрибуција на интимни фотографии и видеа, како и причините за отфрлање, **информацијата ја има ОЈО Прилеп**.

По однос на прашањата за **граѓански** предмети, Ве известуваме за:

1.Во Основниот суд во Прилеп во периодот од 01.01.2022год. до 09.09.2024год. **нема** пресудени случаи поврзани со компензација на штета поврзани со дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност на лицето.

О б р а з л о ж е н и е

По поднесеното барање на [redacted] за потребите на [redacted], за пристап на информации од јавен карактер од 09.09.2024год., Основниот суд во Прилеп постапувајќи согласно чл.20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, одлучи како во изреката на решението.

ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП

[redacted]

ПРАВНА ПОУКА:Рок за жалба 15 дена по приемот на решението преку овој суд до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.